**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр.11-67/3**
**23.02.2024 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија решавајќи по барањето за одобрување на Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на комплекс од градби со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП бр.642, КП бр.641/1, КП бр.641/2, КП бр.629/2 и КП бр.633-дел, м.в Џипка, КО Моин, општина Гевгелија поднесено преку електронскиот систем е-урбанизам со број на постапка 58827 од страна на Друштвото за проектирање, промет и услуги ,,Квадар,, доо од Скопје, а врз основа на член 58 и 62 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23) ја издава следната

# П О Т В Р Д А
## за заверка на одобрена проектна програма

Се одобрува **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на комплекс од градби со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП бр.642, КП бр.641/1, КП бр.641/2, КП бр.629/2 и КП бр.633-дел, м.в Џипка, КО Моин, општина Гевгелија со тех.бр.0701-778/2 од јануари 2024 год**.

*О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е*

Барателот Ристо Мелков од Гевгелија преку полномошник Друштво за проектирање, промет и услуги ,,Квадар,, доо од Скопје во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.58827) поднесе барање за одобрување на Проектна програма заведено под арх.бр.11-67/1 од 30.01.2024год., а изработена од Друштво за проектирање, промет и услуги ,,Квадар,, доо од Скопје, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на комплекс од градби со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП бр.642, КП бр.641/1, КП бр.641/2, КП бр.629/2 и КП бр.633-дел, м.в Џипка, КО Моин, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Проектна програма со технички број 0701-778/2 од јануари 2024 год., изработена од Друштво за проектирање, промет и услуги ,,Квадар,, доо од Скопје.

2. Графички приказ на Проектната програма со граница на плански опфат.

3. Услови за планирање на просторот со тех.бр.Y40423 од јануари 2024 год. издадени од Агенција за просторно планирање на РСМ и Решение УП1-15 55/2024 год. од 17.01.2024 издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1763/1 од 13.11.2023година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано, Проектната програма е изработена согласно законските прописи и истата може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-67/2 од 14.02.2024година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, се одобрува проектната програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov Digitally signed by Andon Saramandov Date: 2024.02.25 18:15:30 +01'00'